Член 118

До донесување на Судскиот деловник според одредбите на овој закон ќе се применува постојаниот судски деловник доколку не е во несогласност со одредбите на овој закон.

Прописите за чие донесување е овластен министерот за правда според одредбите на овој закон, министерот за правда ќе ги донесе најдоцна до 30 јуни 1996 година.

Член 119

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 9/78, 46/82, 11/87, 24/88, 10/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 55/91), освен одредбите за организација на судовите и стварната надлежност кои престануваат на 1 јули 1996 година, Законот за судовите за прекршоци („Службен весник на СРМ" број 6/85, 11/87, 24/88, 10/90 и 11/91) и одредбите на член 80 на Законот за прекршоци кои се однесуваат на стварната надлежност на судовите за прекршоци („Службен весник на СРМ" број 43/84, 42/85, 50/87, 10/88, 36/89 и 7/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 25/92, 63/92 и 12/94).

Член 120

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

954.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Се прогласува Законот за заштита од пушењето, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 јули 1995 година.

Бр. 08-2723/1
19 јули 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Член 1

Со овој закон се уредува заштитата од штетните дејствија на пушењето на тутун и други производи од тутун врз граѓаните, зачувувањето на здрава животна средина, забрана на пушењето во одредени јавни простории и забрана за рекламирање на цигарите.

Член 2

Јавни простории во смисла на овој закон се подразбираат:

- објекти во кои се врши воспитно-образовна дејност и објекти за престој и сместување на деца, ученици и студенти;
- објектите на здравствените и социјалните установи;
- затворени и отворени простории во кои се одржуваат спортски натпревари, културни манифестации, собири и други јавни приредби;
- средства за јавен превоз на патници;
- објекти во кои се произведува, подготвува, служи, продава или консумира храна;
- простории во кои се одржуваат состаноци и средби и
- други простории (сали, канцеларии, чекални и ходници) кои ќе ги определи со акт правното лице согласно со овој закон.

Член 3

Во јавните простории од член 2 на овој закон, одговорното лице на правното лице ќе определи просторија во која може да се пуши, доколку има можности, а во сите други простории ќе истакне знак за забрана на пушењето и ќе обезбеди контрола на забраната на пушењето.

Определувањето на јавни простории и истакнувањето на знакот за забрана на пушењето од став 1 на овој член ќе се изврши во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Се забранува рекламирање на цигари и заштитни знаци на цигари и тутунската индустрија на телевизијата и радиото.

Член 5

Се забранува продажба на цигари и тутун на лица помлади од 16 години во прометот на мало.

Член 6

Производителот на цигарите е должен на опаковката да отпечати порака на предупредување дека пушењето е штетно по здравјето.

Пораките за предупредување од став 1 на овој член ги определува министерот за здравство во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон.

### ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 7

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши пазаришната инспекција, здравствената инспекција, просветната инспекција и трудовата инспекција, согласно со надлежностите утврдени со закон.

Член 8

Надлежниот инспектор во преземањето мерки согласно со овој закон, донесува решенија.

Против решението од став 1 на овој член може да се поднесе жалба до министерот на надлежното министерство во рок од осум дена од денот на добивањето на решението.

Жалбата против решението на инспекторот не го одлага извршувањето на решението.

### КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Со парична казна од 50 до 60 плати ќе се казни за стопански престап претпријатие или друго правно лице, ако постапи спротивно на членовите 3, 4, 5 и 6 од овој закон.

За стопански престап од став 1 на овој член со парична казна од пет до десет плати ќе се казни и одговорното лице во претпријатието или друго правно лице.

Член 10

Со парична казна од една петтина до една третина од плата ќе се казни за прекршок физичко лице ако пуши во просторија каде што е забрането пушењето (член 2).

За прекршок од став 1 на овој член со парична казна од една петтина од плата физичко лице може да се казни и на самото место на прекршокот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за забрана на пушењето во јавни и работни простории („Службен весник на СРМ“ број 28/88).

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

955.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКАТА ГРАЃА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за архивската граѓа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 јули 1995 година.

Бр. 08-2719/1
19 јули 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКАТА ГРАЃА

Член 1

Во Законот за архивската граѓа („Службен весник на СРМ“ број 36/90) по членот 1 се додава нов член 1-а, кој гласи: „

Член 1-а

Заштитата, чувањето и користењето на архивската граѓа е од јавен интерес.“

Член 2

Во членот 2 став 1 по зборот „за“ се додава зборот „државата“ по зборот „култура“ се додава зборот „и“ а зборовите „или“ и „општествени“ се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Документарниот материјал како извор на архивска граѓа, го сочинува целокупниот изворен и репродуциран (пишуван, цртан, печатен, фотографиран, филмуван, фонографиран, механографиран или на друг начин забележан) материјал и книги, картотеки и други евиденции за тој материјал создадени во работата на државните органи, судовите, единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, претпријатијата и други правни лица, политичките партии, општествените организации и здруженија на граѓаните (во натамошниот текст: државни органи, претпријатија и други правни лица), поединци кои самостојно вршат дејност или професија и физички лица, додека тој е од значење за нивната тековна работа сѐ додека од него не е одбрана архивската граѓа (имател на документарен материјал односно на архивска граѓа).“

Член 3

Во членот 6 ставот 1 се менува и гласи:

„Документарниот материјал и архивската граѓа создадени во работата на државните органи, јавните служби, јавните претпријатија и органите на локалната самоуправа се сопственост на Република Македонија.“

Во ставот 3 зборовите: „органи, организации и заедници“ се заменуваат со зборовите: „државните органи, јавните служби, јавните претпријатија и единиците на локалната самоуправа“.

Член 4

Во членот 7 став 1 зборот „републичка“ се брише.

Член 5

Во членот 8 зборот „општествениот“ се брише, а зборот „систем“ се заменува со зборот „системот“.

Член 6

Во членот 9 зборовите: „во регистратурите“ се заменуваат со зборовите: „кај имателите на документарен материјал и архивска граѓа“.

Член 7

Во членот 10 се додава нов став 1 кој гласи:

„Распоредувањето на документарниот материјал се врши според Планот на архивски знаци“.

Во ставот 1 кој станува став 2, по зборовите: „Листа на архивска граѓа“ се додаваат зборовите: „од трајна вредност“, а по зборовите: „Листа на документарен материјал“ се додаваат зборовите: „со рокови на негово чување“.

Ставот 2 станува став 3.

Ставот 3 кој станува став 4, се менува и гласи:

„Начинот на работа и правилата на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцеларискоto и архивското работење ги уредува Владата на Република Македонија.“

Член 8

Во членовите 6 ставови 2 и 3, 31 став 1, 33 став 1, 34 став 1 и 46 став 1 зборовите: „граѓанско правни лица“ се заменуваат со зборовите: „претпријатија и други правни лица“.

Член 9

Во членовите 17 став 1, 18 став 1, 21 став 2, 24 став 2, 29 став 2, 42 став 1 и 43 став 1 зборот „Социјалистичка“ се брише.

Член 10

Во членот 13 став 2 зборот „општествена“ се брише, а по зборот „сопственост“ се додаваат зборовите: „на Република Македонија“.

Член 11

Во членовите 14 и 20 зборовите: „орган, организација“, односно „органите, организациите или заедниците“ се заменуваат со зборовите: „државните органи“, јавните служби, јавните претпријатија и единиците на локалната самоуправа“.

Член 12

Во членот 21 став 2 зборовите: „50 години“ се заменува со зборовите: „150 години“.

Член 13

Во членот 25 зборовите: „и спогодби“ се бришат.

Член 14

Во членот 28 став 1 алинеја 1 по зборот „состојба“ се става запирка и се додаваат зборовите: „да не се оштети, исчезне или уништи“.